УМЕТНИЦИТЕ ЗА УМЕТНОСТА И ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА ПОЛИТИКАТА

# Политичка инспирација за неполитизирана уметност

**Политиката во културата се појави во периодот на т.н. демократија, некои партии сакаат да ја контролираат и културата, а тоа е најлошо за средина како нашата, вели Коле Манев**

Политиката не смее да влијае на уметничкото творештво, едногласни се неколкумина наши еминентни ликовни уметници. Таа може да биде инспирација за создавање уметност, но делото мора да биде ликовно издржано. Сепак, има појави на афирмирање на автори според политичка припадност, но често за уметниците дневно-политичките настани може да бидат и инспиративни, сметаат уметниците.

Скулпторот, академик Петар Хаџи Бошков, смета дека политиката не може да биде исклучена од творештвото на еден автор, но, критериумите за вредностите мора да се задржат.

- Влијанието на политиката е добро, ако е инспиративно. Ако не е така, пречи во творештвото на авторот. Ние имаме специфична ситуација - треба време да се среди системот и односот на политиката кон уметноста. Политизацијата во културата кај нас многу зависи од ликовните манифестации и од институциите во државата од кои се тие зависни. Не постои состојба што може да се одвои од политиката.

Најважно е авторот да е свесен и да може да го оцени влијанието на политиката наспроти слободата на изразување на творецот. Мислам дека на уметниците им е јасна состојбата. Еднаш мора да дојдеме до тоа што се вика вистинска уметност - вели Хаџи Бошков.

Сликарот Коле Манев, вели дека политиката има влијание, но негативно. Манев смета дека е лошо е тоа што власта сака да доминира и во културата.

- Имаше обиди политиката да доминира во културата. Во едноумието немаше таква појава - политиката во културата се појави во периодот на т.н. демократија. Тоа се желби на некои партии што сакаат да ја контролираат и културата. Авторите се валоризираат и форсираат по партиска припадност. Тоа е најлошо за средина како нашата - вели Манев.

- За среќа, политизацијата не влијае во уметничките правци. Иако сме мала земја, ние сме творечка сила и може да се мериме со сите големи европски земји. Нашите автори не дозволуваат уметничките правци и стилови да се политизираат - смета Манев.

Тој вели дека темите од дневно-политичките настани се предизвик и мотив - најважно е делото да биде ликовно издржано. Ќе биде лошо ако творците се „надвор“ од настаните. Во Францускиот културен центар тој изложи слика под наслов „Карпалак 2001“, што ја насликал по убиството на 11-те полицајци, на автопатот Скопје-Тетово.

- Зошто да не бидеме дел од секојдневието - тоа е инспирација. Од таков настан Пикасо ја создаде генијалната слика „Герника“ и тоа на највисоко светско естетско ниво. Настаните може и треба да бидат мотив и тема. Ако некој уметник почувствува потреба да ги претставува, оправдано е. Тоа не е политизација во културата, туку обележување на времето во кое живеат. Делото мора да се гледа од творечки агол. Авторите треба да го прават тоа - должност им е - вели Манев.



Коле Манев: Не признавам каква било политика во уметноста



Петар Хаџи Бошков: Влијанието на политиката е добро ако е инспиративно

Сликарот Павле Кузманоски, од Тетово вели:

- Не признавам каква било политика во уметноста и културата. Уметноста е нешто најпродуховено и е над сите можни текови, што може некако да влијаат на нарушувањето на уметноста и културата. Ако нешто преовладува во културата во служба на политиката, уметноста девалвира.

Викторија Васева-Димеска, историчарка на уметност вели дека уметникот е најчувствителен дел од општеството и дека е неминовно на суптилен начин да реагира на тоа што се случува околу него.

- Дел од тоа се и дневно-политичките настани. Тоа што се случуваше во последната декада кај нас ќе биде дел од историјата на овие простори, што уметниците допрва ја пишуваат. Но, уметникот треба сам да ги избира својот пат, израз и тема. Политиката е дел од животот и логично е уметникот да реагира - вели Васева-Димеска.

Таа нагласи дека постои друго влијание што го промовираат и потенцираат некои невладини организации, преку импутирање на начинот на изразување и тематската определеност на авторите.

- Тие финансираат само одреден вид проекти, што се вклопуваат во нивната нарачана шема за глобализација и за разнебитување на македонското битие, особено на културните вредности - вели Васева-Димеска.



Изложбата на портрети на Родољуб Анастасов предизвика контроверзии

ПРОМОЦИЈА

## „Немир и размисли“ од Ставрев

Во Клубот на пратениците, денеска во 11 часот ќе се одржи промоција на книгата „Немир и размисли“ од Драгољуб Ставрев, издание на „Култура“. За книгата ќе зборуваат Владо Камбовски, професор на Правниот факултет и Тихомир Илиевски, амбасадор во МНР.

Книгата содржи погледи, оценки, анализи на Ставрев за воената криза во Македонија во 2001 година. Тие се соопштени во форма на писма до определени институции на државата, и на меѓународната заедница. Објавена е на македонски и на англиски јазик.

ИЗЛОЖБА

## Архитектурата на Балканот преку делата на шестмина автори

Во скопското средно училиште „Здравко Цветковски“, вечерва, во 18 часот ќе биде отворена европска изложба на архитектонски дела, под наслов „Архитектура на Балканот, различни видици“. Неколку млади архитекти и уметници, од шест европски земји ќе се претстават со проекти на куќи, јавни и религиозни објекти, улици и пазари.

Ќе биде претставено архитектонското наследство на Балканот, кое сведочи за историјата, културата и начинот на живот во земјите на полуостровот. Организатор на проектот е Асоцијацијата за регионално учество и дејство (АПАРЕ) со помош на „Балканик“ и на Францускиот културен центар.

ФИЛМ

## „Тајната книга“ ќе се

РЕЦЕНЗИЈА

„ИЗМИСЛЕНАТА ТВРДИНА“ ОД СЛАВКО ЈАНЕВСКИ, ИЗДАНИЕ НА МАНУ